Агенција за пошти

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
УП1 Бр. 02-81
20.01. 2023 год.
СКОПЈЕ

Агенцијата за пошти Скопје, врз основа на член 50 став (3) од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021 и 227/2022) во предметот на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје застапувана од генералниот директор Васко Стефанов, за промена на цени на поштенски услуги од опфатот на универзалната услуга, на 20.01.2023 година го донесе следното

Акционерско друштво за поштенски сообраќај
ПОШТА на Северна Македонија
во државна сопственост - СКОПЈЕ
Shoqatë aksionare për komunikacion postar
POSTA e Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore -SHKUP
Примено/Pranuar: 20-01-2023
Орг.Ед. / Nj.Org. | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera

# Р Е Ш Е Н И Е

I. **СЕ УВАЖУВА** барањето за промена на цени за поштенски услуги во внатрешниот поштенски сообраќај кои АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје ги обезбедува во опфатот на универзалната услуга.

I.1. За поштенската услуга - Стандардизирано писмо со маса до 50 грама, **СЕ ОДОБРУВА цена од 36,00 денари.**

I.2. За поштенската услуга - Нестандардизирано писмо со маса до 50 грама, **СЕ ОДОБРУВА цена од 36,00 денари.**

I.3. За поштенската услуга - Стандардизирана картичка со маса до 50 грама, **СЕ ОДОБРУВА цена од 16,00 денари.**

I.4. За поштенската услуга - Нестандардизирано писмо со маса над 50 грама до 100 грама, **СЕ ОДОБРУВА цена од 48,00 денари.**

I.5. За поштенската услуга - Нестандардизирано писмо со маса над 100 грама до 250 грама, **СЕ ОДОБРУВА цена од 60,00 денари.**

1.6. За поштенската услуга - Гломазно писмо со маса над 250 грама до 500 грама, **СЕ ОДОБРУВА цена од 80,00 денари.**

1.7. За поштенската услуга - Гломазно писмо со маса над 500 грама до 1.000 грама, **СЕ ОДОБРУВА цена од 128,00 денари.**

I.8. За поштенската услуга - Гломазно писмо со маса над 1.000 грама до 2.000 грама, **СЕ ОДОБРУВА цена од 176,00 денари.**

II. Цените на поштенските услуги одобрени во точката I. од ова решение **АД „Пошта на Северна Македонија" – Скопје ќе ги применува започнувајќи од 01.02.2023 година.**

III. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** АД „Пошта на Северна Македонија" – Скопје да ги објави цените на поштенските услуги одобрени со ова решение во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците е на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, најдоцна осум дена пред почетокот на примената.

IV. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** АД „Пошта на Северна Македонија" – Скопје да изготви пречистен текст на Ценовникот на универзалната поштенска услуга во внатрешниот поштенски сообраќај и да го објави на својата веб страница, најдоцна осум дена пред почетокот на примената.

V. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** АД „Пошта на Северна Македонија" – Скопје Ценовникот од точката IV. од ова решение да го објави на видно место во сите простории наменети за корисници на поштенски услуги и да го дава на увид на барање од корисници, започнувајќи од денот на примената.

VI. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** АД „Пошта на Северна Македонија" – Скопје да ја измени Номенклатурата на поштенски услуги од опсегот на универзалната

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

услуга на начин што ќе се избришат разликите во поштенски услуги за пакет по основ на зони на оддалеченост во внатрешен сообраќај и да ја достави до Агенцијата за пошти најдоцна до 31.01.2023 година.

VII. Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за пошти.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, во својство на давател на универзалната услуга, на 27.12.2022 година до Агенцијата за пошти поднесе Барање за зголемување на цени на услуги во внатрешен поштенски сообраќај кои се во опфатот на универзалната поштенска услуга под бр.0508-102/27, со докази. Подносителот на 17.01.2023 година го прецизира и образложи барањето дополнето со докази за трошковна ориентираност, за пристапност и за транспарентност на цените, според укажувањето на Агенцијата за пошти од 12.01.2023 година.

По комплетирање на барањето, се констатира дека Управниот одбор на АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје, со Одлука бр.0201-1266/1 од 23.12.2022 година, ги утврдил измените во Ценовникот на универзална услуга во внатрешниот поштенски сообраќај, при што за осум вида поштенски услуги, (од вкупно девет основни во 6-те стапки на маса) од категоријата пратки за коресподенција (писмо и поштенска картичка) се бара одобрување на промената на цените. Во предложените нови цени за поштенските услуги за пет од услугите има зголемување, а за три вида услуги цените се намалени и тоа:

- Зголемување за:

  1.Стандардизирано писмо до 50 грама - 36,00 денари;

  2.Нестандардизирано писмо до 50 грама - 36,00 денари;

3.Стандардизирана картичка до 50 грама - 16,00 денари;
4.Нестандардизирано писмо над 50 до 100 грама - 48,00 денари,
5.Нестандардизирано писмо над 100 до 250 грама - 60,00 денари.

- Намалување за:

1.Гломазно писмо над 250 до 500 грама - 120,00 денари;
2.Гломазно писмо над 500 до 1.000 грама - 128,00 денари, и
3.Гломазно писмо над 1.000 до 2.000 грама - 176,00 денари.

Понатаму во членот 6 од Одлуката на Управниот одбор на АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје, за поштенски услуги во категоријата пакет, се брише една од двете постојни зони на оддалеченост, па на подрачјето на целата територија на државата останувааат во примена досегашните основни цени за II Зона –подрачје на државата.

Законитоста и основаноста на барањето, Агенцијата за пошти ги оценуваше со примена на следните прописи.

Согласно член 29 став (2) од Законот за поштенските услуги (во натамошниот текст: ЗПУ), универзалната услуга опфаќа: - прием, пренос, сортирање и дистрибуција на поштенски пратки со тежина до 2 кг., на пакети со тежина до 10 кг., на поштенски пратки за слепи лица и за лица со делумно оштетен вид, како и обезбедување на услуги за препорачани поштенски пратки и пратки со означена вредност.

Согласно член 50 став (1) од ЗПУ, за секоја промена на цените за обезбедување на универзална услуга, давателот на универзална услуга е должен да побара одобрување до Агенцијата, образложено со анализа на трошоци, за да се утврди вистинската потреба од промената на цените, и истото да го докаже согласно ставот (2) од истиот член од ЗПУ.

Според член 50 став (8) од ЗПУ и член 2 и член 4 од Правилникот за методологија за формирање на цени за универзалната поштенска услуга (Службен весник на Република Македонија“ бр.38/2009), цените за обезбедување на универзалната услуга треба да бидат пристапни за сите корисници независно од географското подрачје, базирани на трошоците за

ефикасно обезбедување на универзална услуга,транспарентни и утврдени на недискриминаторска основа, а за еднакви услуги да се еднакви на целата територија на Република Северна Македонија.

Согласно член 50 став (3) од ЗПУ, во постапката по барањето, Агенцијата одлучува со решение во рок од 30 дена од денот на приемот на целосната документација.

Согласно членот 50 став (7) и став (5) од ЗПУ, давателот на универзалната услуга е должен одобрените цени да ги објави во јавните гласила најмалку осум дена пред почетокот на примената, да ги објави на својата веб страница и во деловните простории наменети за корисници, како и да ги стави на корисниците на поштенските услуги на увид, по нивно барање. Одобрените цени за обезбедување на универзалната услуга давателот на универзалната услуга е должен да ги применува од првиот ден од наредниот месец кој следи по месецот во кој се одобрени од Агенцијата, како е пропишано со ставот (6) од истиот член од ЗПУ.

Постапувајќи по предметот, Агенцијата за пошти ги зема во предвид и изврши соодветна проверка на доставените податоци заедно со образложението во списите по предметот, по што утврди дека давателот на универзалната услуга АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје делот од барањето со кое бара одобрување на зголемување на цената на услугите стандардизирано и нестандардизирано писмо до 50 грама од 25 на 36,00 денари, го поткрепил со анализа на трошоци, нивна директна распределба и алокација со користење клучеви, со цел да ја докаже трошковна ориентираност на цените на универзалната услуга. При тоа, подносителот го утврдил и просечниот трошок на писмото до 50 грама (стандардизирано и нестандардизирано) на 35,64 денари со профитна маргина од 1%. При проверките и анализата на извршената алокација на трошоците, Агенцијата утврди дека постојат технички пропусти и неусогласености кај одделни податоци и пресметки, меѓутоа истите немаат големо влијание на крајниот резултат, односно на просечниот трошок за писмо до 50 грама (стандардизирано и нестандардизирано), со оглед дека во контролните

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

пресметки на Агенцијата овој просечен трошок изнесува 35,88 денари, со профитна маргина од 0,35%.

По однос на делот од барањето за промена на цените (зголемување и намалување) на останатите шест вида услуги во категоријата пратки за кореспонденција (картичка и писмо), Агенцијата за пошти ги ценеше доставените податоци и образложение за влијанието на генералните економски фактори (инфлација, цена на електрична енергија и гориво) врз зголемувањето трошоците во работењето на подносителот, што несомнено влијае и врз структурата на трошокот по единица услуга. Така Агенцијата за пошти ги зема предвид податоците за зголемени трошоци за електрична енергија за 43,6% во однос на 2021 година и зголемени трошоците за гориво за 37,8% во однос на 2021 година. Разгледани се и податоците за зголемување на трошоците за плати, трошоците за материјали за возила, канцелариски материјали и средства, одржување на транспортни средства, наемнини – лизинг, трошоците за чистење и други трошоци под влијание на порастот на инфлацијата. Во оценката на оправданоста на менувањето на цените, Агенцијата за пошти го зема предвид и фактот дека цените на овие шест вида услуги се непроменети од мај 2009 година, кога последно беа одобрени од страна на Агенцијата за пошти.

Во недостаток на податоци за обем, приходи и трошоци за секоја од гореспоменатите поединечни услуги за кои се бара измена во цените, Агенцијата за пошти цените на сите овие услуги ги оценуваше како една група, при што констатира дека бараното зголемување на цената е вкупно 43,95% или 6,28% просечно зголемување на цената за секоја од шесте услуги. Алтернативната пресметка на просечниот трошок на сите услуги до 50 грама, но и над 50 грама до 2.000 грама, што ја направи Агенцијата покажа дека просечниот трошок за целата група од овие услуги е значително поголем од нивната просечна цена што укажува на фактот дека промената на овие цени не ги надминува трошоците за истите. Според тоа, а имајќи ги во предвид економските движења во Република Северна Македонија, особено неповолни последователно од 2020 година, како и проекциите за периодот кој следи, Агенцијата за пошти оцени дека дури и во отсуство на одобрен систем за

посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите, презентираните податоци би можело да се земат како основа и оправдување за бараните промени на цените на горе споменатите услуги.

На вака утврдена фактичка состојба, следуваше оценката на Агенцијата за пошти за тоа дека цените на услугите се засновани на трошоците и се со ниска единечна маржа што го стимулира ефикасното обезбедување на универзална услуга поради што и потребата за зголемување на цените за двата вида услуги за писма до 50 грама е оправдана и основана. Оценката за оправданоста и основаноста на промената на цените за шестте вида услуги од категоријата на пратки за коресподенција, Агенцијата ја темели на клучните факти дека просечниот трошок за оваа група услуги е значително поголем од нивната просечна цена и дека промената во цените не ги надминува трошоците за истите.

Во оценката за исполнување на принципот на пристапност на цените за сите корисници на услугите независно од географското подрачје, Агенцијата за пошти ги зеде во предвид доставените споредбени прегледи за главните економски показатели за основната услуга за писмо од прва стапка на маса (кај нас стандардизирано и нестандардизирано до 50 грама). За донесување на оценката дека предложените цени се пристапни придонесе констатацијата дека цената од 36,00 денари за основната услуга за писмо од прва тежинска стапка е меѓу најниските во земјите од опкружувањето и земјите со слична географска или економска состојба (пониска цена има единствено во Република Србија), односот на цената и БДП во Република Северна Македонија е во рамките на просекот во тие земји, исто како и односот на цената и просечната плата.

Агенцијата за пошти ги разгледуваше и наводите од барањето со кои за пакет и за гломазен пакет се укинуваат досегашните разлики и во услугите и во цените во зависност од критериумот оддалеченост, па од аспект на воспоставување еднаков третман на корисниците на универзалната услуга промените ги оцени како оправдани. Агенцијата утврди дека ваквата промена не може да биде предмет на одобрување од страна на Агенцијата од причина

што цените на услугите кои остануваат не се менуваат. Имено, основните цени за услугите за пакет и гломазен пакет во сите четири стапки на маса, кои од сега ќе се применуваат за целата територија на Република Северна Македонија, и досега се применуваа како основни цени за услуги за пакет и гломазен пакет од II Зона-подрачје на државата- во сите 4 стапки на маса. За истите цени, Агенцијата за пошти со Решение бр.02-121/4 од 12.05.2009 година веќе има дадено согласност, поради што нема основ за нивна повторна оценка ниту согласност од Агенцијата.

Агенцијата за пошти го разгледа и приложениот предлог Пречистен текст на Ценовникот и најде дека во истиот недостасува појаснувањето за начинот на формирање на цените за услугата пакет и гломазен пакет, описно наведено во Предлог Ценовникот. Заради транспарентност на крајните цени, кои за услугите за пакет и гломазен пакет се композитни (основна цена по тежина+ракување со препорачана пратка или основна цена по тежина+ракување за услуга со означена вредност +цена по вредност од вредносна скала), потребно е во состав на пречистениот текст на Ценовникот јасно да се декларира начинот на нивното формирање, разбирлив за крајните корисници.

Исто така, Агенцијата за пошти оцени дека давателот на универзалната услуга е должен соодветно да ја измени и Номенклатура на поштенски услуги од опсегот на универзалната поштенска услуга, со бришење на услугите од прва зона на оддалеченост за пакет и гломазен пакет во секоја од постојните 4 стапки на маса, пред да стапат во примена цените одобрени со ова решение.

Поради сите напред наведени причини, Агенцијата го оцени барањето од подносителот за основано и во согласност со барањата и принципите од член 50 став 8 од ЗПУ и одредбите од Правилникот за методологија на за формирање на цени на универзалната услуга, за трошковна ориентираност, за транспарентност, недискриминација и пристапност, поради што одлучи да ги одобри новите цените за две услуги за писмо (стандардизирано и нестандардизирано) до 50 грама, една услуга за поштенска картичка (стандардизирана до 50 грама), две услуги за нестандардизирано писмо во две стапки на маса ( над 50-100 грама и над 100 до 250 грама) како и за три услуги

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

за гломазно писмо во три стапки на маса ( над 250 до 500 грама, над 500 до 1.000 грама и над 1.000 до 2.000 грама), сите во внатрешниот поштенски сообраќај и во опфатот на универзалната услуга.

Согласно член 50 став (4) од ЗПУ, Решението со кое Агенцијата за пошти одлучува по барањето на давателот на универзалната услуга за промена на цените за обезбедување на универзална услуга е конечно, а незадоволната страна има право да покрене постапка за управен спор пред надлежен суд.

Поради сето напред наведено, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова Решение, а согласно член 50 став (8) од Законот за поштенските услуги.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

УП I. бр. 02-81
20. 01. 2023 година

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Директорка,
Билјана Аврамоска-Ѓореска